ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-9730/1
07. 08. 2025
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

1. За извршител на работното место **Раководител на Сектор за финансиски прашања** со шифра УПР0101Б02000, Сектор за финансиски прашања по јавен оглас бр.696/2025, се избира кандидатот Јане Попоски.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 696/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје на горенаведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1646/3 од 11.07.2025 година и Решение за изменување и дополнување на решението бр.10-1646/5 од 01.08.2025 година ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас бр.696/2025 со којштo му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место Раководител на Сектор за финансиски прашања со шифра УПР0101Б02000, Сектор за финансиски прашања, да го избере кандидатот Јане Попоски.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**